



Надворешниот и внатрешниот изглед на палатата „Барберини“, една од најзначајните италијански галерии (лево и горе); „Кула 2“ на Илија Пенушлиски



Денес Илија Пенушлиски отвора изложба во еден од најрепрезентативните галериски простори во светот, палатата „Барберини“ во Рим

# ДЕЛАТА НА ПЕНУШЛИСКИ ПОКРАЈ СЛИКИТЕ НА КАРАВАЏО

SВЕЗДАН ГЕОРГИЕВСКИ

Академскиот сликар Илија Пенушлиски е првиот македонски уметник, а секако уште долго ќе остане единствениот што изложува(л) во палатата "Барберини" во Рим, Италија. Имено, самостојната ликовна изложба што овој наш уметник од средната генерација (1947) денес ја отвора во оваа репрезентативна галерија, секако не е само најзначајниот бисер во неговата богата уметничка биографија, туку секако се вбројува во оној список на успеси на македонското современо творештво и македонската култура воопшто, од типот на настапот на Симон Трпчевски со Њујоршката филхармонија или успехот на филмот "Пред дождот" на Милчо Манчевски.

Имено, палатата "Барберини" не е само една од најзначајните италијански галерии, туку е меѓу врвните топоними на светската галериска сцена. Станува збор за една од најзначајните палати од ренесансниот период, градена како резиденција за Мофео Барберини, подоцнежниот папа Урбан Осми. Неа во центарот на Рим започнува да ја гради архитектот Мадерно, а по неговата смрт во 1629 годината, контролата на изградбата ја презема веројатно најзначајниот архитект од времето на Ренесансата Лоренцо Бернини. (Го знаете сигурно неговото дело, онаа прекрасна Тритонска фонтана, што се наоѓа во центарот на Рим и во непосредна близина на палатата "Барберини"). Импресивната папска резиденција сега се користи како галерија, пред се насочена кон класичната уметност.

Пенушлиски не го крие своето задоволство што ќе изложува токму во галеријата чија постојана поставка содржи дела на Тицијан, Тинторето, Караваџо..., што непосредно пред неговата изложба тука е поставена изложбата "Венецијанско сликарство од 15 век", што името на самата галерија го потврдува квалитетот на неговото дело. Инаку, до оваа изложба дојде по повеќегодишно претставување на делото на Пенушлиски во Италија и по негови студиски престои во оваа земја. Воспоставените контакти, а пред се делото што го создава, му овозможија да изложува по лична покана од менаџментот на галеријата, факт што оди во прилог кога претставувањето на Пенушлиски го третираме за вонреден успех на овдешното творештво.

Илија Пенушлиски, еден од последните претставници на таканареченото чисто сликарство (по неговата генерација доминантните правци на ликовните уметности се движат кон мултимедијалноста, инсталациите и новите технологии), секако во врвот на својата генерација, образуван во Белград и Њујорк, од 1971 година професионално се занимава со сликарство, а во последно време почесто изложува низ Европа и САД, отколку во матичната земја.

Изложбата што се отвора денес во Рим ќе трае до 29 мај и ќе содржи 38 платна, создавани во последните 7-8 години. Постојат можности изложбата да помине и во некои други италијански галерии, но за тоа преговорите се во тек. Изложбата е проследена со целосен колор-каталог изработен во "Скенпоинт" со двојазични предговори (англиски и италијански) од Златко Теодосиевски и Кирил Пенушлиски.

ВО БЕЛГРАД СЕ ОДРЖА СТОТАТА СЕСИЈА НА ЕВРОПСКИОТ ФИЛМСКИ ФОНД